Austrian Development Agency

Gender Budget Watchdog Network
for a gender equal region

Sida
SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY

Центарот за истражување и креирање политики од основањето во 2004та година работи на буџетирање, добро владеење со јавните финансии и родово одговорно буџетирање. Како членови на Меѓународното партнерство за буџети и како организација која го подготвува Индексот на отворен буџет, но и ја предводи Мрежата на организации кои вршат родов надзор на буџетирањето го разгледавме предлог Законот за буџет за 2024 година и го анализиравме од аспект колку истиот ќе има влијание на унапредување на родовата еднаквост. Ова се нашите:

# Коментари на Буџет за 2024 година од родова перспектива

## Генерален преглед

**Вкупните расходи за 2024 година кои се планирани да се реазлизираат се 343.638 милиони денари, што претставува зголемување во износ од 18.827милиони денари или 5,80% повеќе во Одлуката донесена во 2023 година**. Глобалната инфлација се очекува да се намали од 8,7% во 2022 година на 6,9% во 2023 и 5,8% во 2024 година. Проекциите на расходите на Буџетот за наредната година се подготвени врз основа на следните претпоставки: економско заздравување и забрзан раст, усогласеност на проекцијата на приходите со планираните движења во економијата, продолжување на процесите за фискална консолидација, преку намалување на нивото на буџетскиот дефицит, како и продолжување на определбата на спроведување на дисциплинирана буџетска политика и зајакнат мониторинг на користење на буџетските средства, интензивирање на конвергенција на Република Северна Македонија кон ЕУ, преку усогласена законска регулатива, приоритетот за обврските кои произлегуваат од членството во НАТО, редовно и непречено извршување на сите законски обврски, непречено спроведување на изборните активности, поддршка на домашната економија, приватниот сектор и граѓаните, зголемена и забрзана реализација на инфраструктурните проекти, привлекување на странски инвестиции и иновативност на домашните компании и друго.

**Приватната потрошувачка и покрај инфлациските притисоци и зголемените трошоци за финансирање се зголеми за 2,1%** на реална основа, при што растот забрза во вториот и третиот квартал, поддржана од порастот на платите над зголемените трошоци за живот, зголемените дознаки од странство, растот на кредитирањето и владините мерки за поддршка на економијата и поддршка на животниот стандард на населението.

Вкупните приходи на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година се планирани на ниво од 310,128 милиони денари и истите се за 10% повисоки во однос на 2023 година, додека расходите се планирани на ниво од 343,638 милиони денари или за околу 5,8% повисоки во однос на 2023 година. Проекциите за приходите на Буџетот за 2024 година се базираат на следните претпоставки: реализација на приходите во тековната 2023 година, очекувања за економскиот раст и подобрување на ефикасноста и ефективноста на системот за наплата на јавните приходи.

**Тековните расходи за 2024 година се планирани во износ од 298,5 милијарди денари или за 7% повеќе во однос на 2023 година,** пред се наменети за редовна исплата на плати на вработените во јавниот сектор, навремена и редовна исплата на пензии, гарантиран минимален приход и останати социјални права, исплата на субвенции во земјоделството, поддршка на малите и средните претпријатија, поддршка и субвенционирање на иновативните активности, како и алоцирање на средства за таргетирана поддршка на ранливи категории на граѓани и стопанството.




График 1: Тековни трошоци во Буџет 2024

*Собранието на Република Северна Македонија донела две одлуки за препраспределба на средства помеѓу буџетските корисци на централанта власт и помеѓу фондовите, објавена во Службен весник 207, од 3.10. 2023во службен весник бр. 264 од 13.12.2023. Овие одлуки не значат ребаланс на буџетот, туку внатрешна прераспредеба помеѓу буџетските корисници.*

**Расходите за исплата на плати** се проектирани на ниво од 41,2 милијарди денари и споредено со 2023 година истите се планирани на **повисоко ниво за околу 10%**, во чии рамки се рефлектира целосно спроведување на одредбите на Општиот колективен договор за вработените во јавниот сектор. Трансфери до ЕЛС се планирани во износ од 29,8 милијарди денари наменети за финансирање на пренесените надлежности на општините и дотација до општините.

Во 2024 година, по основ на планирано зголемување на процентот на приходите од ДДВ кои се распределуваат на општините од 4,5% на 6% од наплатениот ДДВ во претходната година, обезбеден е пораст на општата дотација кон општините за 787 милиони денари во споредба со 2023 година, а со цел зголемување на фискалниот капацитет на општините. Истите ќе се распределуваат во три дела и тоа: основен дел (4,5%), дел за перформанси (0,75%) и дел за вооедначување (0,75%).

Делот за перформанси ги наградува општините што имаат подобра реализација на сопствени приходи во споредба со планираните сопствени приходи и повисока наплата на сопствени приходи во тековната година во споредба со просекот од реализираните сопствени приходи во претходните три години. Делот за воедначување е наменет за надминување на разликите согласно фискалниот капацитет на општините поради ограничен капацитет на ресурси, односно општините коишто имаат пониски приходи од данокот на личен доход по жител добиваат дополнителни средства.

**Тековните трансфери и субвенции** се планирани на ниво од 215,3 милијарди денари, односно **повеќе за околу 4%** во однос на 2023 година и се однесуваат на: Социјалните трансфери кои се проектирани во износ од 161,8 милијарди денари; Здравствената заштита е планирана е на ниво од околу 45,7 милијарди денари, Земјоделските субвенции обезбедуваат поддршка на земјоделскиот сектор.

**Субвенции за приватен сектор**, наменети за поддршка на мали и средни претпријатија, зголемување на конкурентноста, иновативна дејност, технолошки развој и истражување, нови инвестициски вложувања, поддршка на извозот и освојување на нови пазари, поддршка за создавање на нови вработувања и слично. Внимание е посветено и на родово одговорните буџетски политики, меѓу другото, и преку финансиска поддршка на женското претприемништво, како и поддршка за жени во земјоделскиот сектор.

## Родов буџет

Според индикаторот ЦОР 5ц1 буџетскиот документ треба да содржи јасни, транспарентно и лесно разбирливи информации за средствата кои се алоцирани за родова еднаквост. И овие информации да се видливи на веб страната на Министерството за финансии и соопштенијата со кои се претставува буџетскиот документ. Буџетот за 2024 година не содржи јасна, транспарентно објавена и лесно разбирлива информација за средствата кои се алоцирани за родова еднаквост. Овој пропуст е значаен особено затоа што претпоставуваме дека Министерството за финансии ги има овие информации затоа што буџетскиот циркулар испратен до буџетските корисници за да ги прибере потребите за 2024 година беше родово одговорен.

## Родово еднакви индикатори

За вклучувањето на родово еднаквите индикатори во буџетот, потребно е да се поврзе буџетот со целите, програмите и показателите за успех. Во оваа фаза во самиот Буџетот за 2024 година нема вклучено родово одговорни индикатори и тие не можат да се поврзат со стратешките планови бидејќи најголем дел се сеуште необјавени. Исклучително е значајно Стратешките планови да бидат објавени заедно или пред Буџетот за да може да се оценат политиките кои се финансирани со буџетот. Користење на ознаки родово неутрална, родово одговорна и родово трансформативна буџетска програма на основа на индикаторите и анализата на влијанието на предвидените мерки кои се финансираат исто така може да ја олесни читливоста, транспарентноста и одговорноста на буџетот кон родовата еднаквост.

Austrian Development Agency | Gender Budget Watchdog Network for a gender equal region | Sida SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY

## Несоодветен буџет за спроведување на родови цели во 2024

**Родовите цели** на Владата се вклучени во Стратегијата за родова еднаквост која неодамна Собранието ја усвои. Она што го прави еден буџет родово одговорен е да соодветно буџетира средства за остварување на родовите цели на Владата. Бидејќи Министерството за труд и социјална политика е надлежната институција за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост го анализиравме Буџетот за 2024 година за Министерството за труд и социјална политика.

Имено, планиран е вкупен буџет во износ од  58.764 милиони денари, што претставува **зголемување од 5969  милиони денари**, односно планираните средства за овој буџетски корисник се зголемени за 11% во однос на буџетот од мината година. Програмата 80 за Родова еднаквост и недискриминација за 2023 во Министерството за труд и социјална политика изнесувала 1 616 000, додека за 2024 е предвидена иста сума од  1.616.000 денари. Предвидените расходи за оваа програма се во целост од основен буџет, не се планирани расходи од самофинасирачки активности, заеми и донации. Имајќи во предвид дека се предвидени ист износ на расходи како 2023, заклучуваме дека не се предвидени зголемен обем на активности.

**Стратегија за родова еднаквост (2022-2027)**, е стратешкиот документ со кој се воспоставува сеопфатна рамка со активности за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените. Стратегијата структурно има поставено очекувани резултати и индикатори за мерење на успешноста и потребно е да биде придружена со финансиски импликцаии за реализација на поставените цели кои недостигаат.
Специфично во стратегијата е предвидено фискалните импликации за спорвдување на стратегијата да бидат дел од оперативните планови на ресорните министерства во однос на планираните активности, преку процесите на буџетско планирање на годишно ниво. Дополнително, важен дел од буџетското планирање е и поддршката од страна на меѓународните мултилатерални и билатерални донатори и поддржувачи.

## Родово одговорни буџетски иницијативи

Според Методологијата за родово одговорно буџетирање за органите на државната управа, ресорните министерства и државните институции објавуваат јасна изјава за родово еднаквите цели на една програма која ја вклучуваат во буџетскиот документ. Оваа изјава ја викаме **родово буџетска изјава**. Родово одговорни буџетски иницијативи во Република Македонија започнаа да се спроведуваат од 2009 година од страна на Министерството за труд и социјална политика. Од 2015 година сите сите буџетски корисници на централно ниво имаат обврска за избор на програма за родова анализа и развивање на релевантни родови индикатори на излезно ниво за следење на влијанието на програмите врз жените и мажите. Институциите избираат програми и планираните средства насочени кон унапредување на родовата еднаквост во неколку области каде што се утврдени значителни родови јазови. Спроведувањето на програмите е тригодишно. До 2023 година, родово одговорни буџетски иницијативи се реализирани во 14 ресорни министерства и три државни агенции на ниво на држава.

Имајќи во предвид дека времетрењето на тековните буџетски иницијативи е во период од 2021-2023, потребно е донесување на нови буџетски иницијативи програмирани за наредните три години (2024-2026). Податоци на новите буџетски иницијативи не се достапни во периодот на донесување на новиот буџет за 2024 кој е тема на разгледување.

Еден од недостатоците на буџетот е неможноста точно да се идентификуваат активностите за кои се предвидени средствата за овие иницијативи во програмите/потпрограмите од Буџетот и соодветно да се следи нивното спроведување и постигнатите резултати. Затоа Буџетот како документ треба да биде придружен од збирката на родово буџетски изјави во која видливо ќе биде колку од планираните средства во која програма и потпрограма на буџетот се вклучени.

# ЗАКЛУЧОК

**Буџетот за 2024 година е прв буџет кој се заснова на фискалните правила од Законот за буџети** и обезбедува водење здрава, предвидлива и одржлива фискална политика која е во насока на намалување на буџетскиот дефицит и јавниот долг, поттикнување на економската активности, како и таргетирана поддршка на најранливите категории граѓани и на стопанството. Политиките кои се дел од предлог буџетот за 2024 се во функција на одговор на продолжената неизвесност, забавување на глобалната економија и ризиците врз нашата економија. Во Буџетот е клучно што се менува структурата и што од минатата година на повисоко ниво се планирани капиталните расходи, кои се и на повисоко ниво од буџетскиот дефицит.

Имајќи во предвид дека фокусот на оваа анализа е оцена на распределбите и алокациите од аспект на родово одговорен буџет, истиот не содржи јасни, видливи информации за родовата димензија на буџетот кои ќе овозможат и квалитетна анализа како овој буџет ќе се одрази на родовата еднаквост кај различни буџетски корисници односно каде и колку средства се распределени за справување со кои предизвици.

Имено, принципите на родово одговорен буџет согласно меѓународните пракси за финансика одговорност и родово одговорна финансиска одговорност како и согласно оддржливите цели за развој на ОН, претпоставуваат експлицитно вклучени индикатори за родова еднаквост. Буџетот за 2024 година не нуди индикатори и анализа за потенцијално различните потреби на жените и мажите, вклучително и различните потреби по возраст, етничка припадност, животни потреби или географска локација. Исто така нема одделно посветени буџетски програми и/или потпрограми кои може директно да се поврзат со овие категории и веќе востановените родово одговорни буџетски иницијативи.

Иако родово одговорните буџетски иницијативи и активности за родово одговорно буџетирање се пропишани согласно новиот Закон за буџети и Законот за извршување на буџетот тие не се прикажани. Законот има одложена примена, но условите за прикажување на родово буџетските иницијативи се исполнети и нејасно е зошто не се вклучени во процедурата. Генерално буџетот не спомнува потреби на мажи/жени, девојчиња/момчиња ниту можат да се оценат политиките спрема овие категории.

Во согласност со Методологијата за родово одговорно буџетирање за органите на државната управа, ресорните министерства и државните институции тврди дека секој буџетски корисник на централно ниво има мандат да определи програма за родова анализа. Тие, исто така, мора да формулираат релевантни родови индикатори на излезно ниво за да го следат влијанието на програмите и врз жените и врз мажите. За жал, не сите органи на државната управа го сфаќаат овој аспект и предлагаме транспарентно да се вгради оваа активност при формирањето на буџетот за ресорните министерства и институции.

Austrian Development Agency

Gender Budget Watchdog Network
for a gender equal region

Sida
SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY

Иако постои програма/потпрограма во Министерството за труд и социјална политика, за родова еднаквост и недискриминација сепак од овој формат на буџетот истата не е транспрентна и не може да се утврди кои цели ги опфаќа и кои резултати треба да се постигнат со неа.

Недостатокот на специфичен буџет на усвоената Стратегија за родова еднаквост го прави следењето дали истата е буџетирана во Буџетот за 2024 невозможно.
Праксата утврдена со родово буџетските иницијати и нивното вклучување во стратешките планови треба да служат како бајпас решение до целосно програмски буџет каде за програмите ќе се согледуваат точно сите активности. Сепак немањето објавени стратешки планови и експлицитни програми кои кореспондиратт со буџетските иницијативи придонесува за неможноста да се утврди намената на алоцираните средства ицелите т.е. индикаторите за нивно користење.

Оттука можеме да заклучиме дека Буџетот за 2024 година не е родов буџет. И покрај тоа што земјата има родова политика, средствата кои кореспондираат за нејзина имплементација не се видливи во буџетот ако ги има и се недоволни со оглед на незначајното зголемување на буџетот на МТСП за 2024. Буџетот за 2024 година не ги вклучува родово буџетските изјави, ex-ante анализата која ја вклучуваат, ниту индикаторите за следење на нивната реализација. Буџетот за 2024 година не дава јасна, видлива и јавно достапна информација за алокациите на јавните финансии за родова еднаквост за 2024 година.



Контакт за повеќе информации:
Маја Варошлија
Центар за истражување и креирање политики
Е-маил: varoshlija@crpm.org.mk